**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**

**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **о к т о м в р и, 2023**




**Скопје, 09.11.2023**

Во текот на октомври 2023 година, во Република Северна Македонија, до ИЈЗ, пристигнати се пријави за вкупно **1.001** заболено лице од акутни заразни заболувања *(без КВОИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **54,5 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец октомври е за 13,4% поголем во однос на претходниот месец септември 2023 (n=883). Во однос на месец октомври 2022 (n=653) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 53,3%, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период (n=1.790), се регистрира намалување од 44,1%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2023 година, регистрираните случаи во месец октомври учествуваат со 9,5%. Кумулативниот број на пријавените во 2023 (n=10.494) е за 2,4 пати поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 година (n=4.435).

***<u>Графикон 1</u>. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2023 и аритметичка средина***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=425; 42,5%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=14; 1,4%). Не се пристигнати пријави за заразна болест од ЦЈЗ Охрид *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Велес (I=137,1/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Кочани (15,8/100.000). *(Графикон 2)*

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во октомври, 2023***




Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Гевгелија (Гевгелија, Дојран, Богданци) (I=590,5/ 100.000), Кратово (I=318,1/100.000) и Свети Николе (I=153,5/100.000), а во месец октомври, 5 ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Охрид, Дебар, Струга, Берово, Делчево) *(Табела 1 во Прилог, Картограм)*.

***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во октомври учествуваат со 99,3% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 54,1/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во октомври, 2023***

| Заболување | Број | I/ 100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 489 | 26,6 |
| Ентероколитиси | 359 | 19,5 |
| Шуга | 60 | 3,3 |
| Салмонелози | 25 | 1,4 |
| Скарлатина | 20 | 1,1 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 17 | 0,9 |
| Инфективна мононуклеоза | 15 | 0,8 |
| Инфекции со Хламидија | 4 | 0,2 |
| Инфекции предизвикани од E. coli | 3 | 0,2 |
| Ѓардијаза | 2 | 0,1 |
| **Вкупно** | ***994*** | **54,1** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити), учествуваат со 84,7% во вкупниот број на заболени, а со 85,3% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец октомври 2023 година.

Во октомври, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчи сипаници** со вкупно 489 пријавени лица. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 48,9%, а во групата на 10 најчести заразни заболувања - со 49,2%.

Во однос на претходниот месец септември 2023 (n=209), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 2,3 пати, а во однос на месец октомври 2022 (n=413) се регистрира зголемување од 18,4%. Во однос на аритметичката средина (n=486) се регистрира незначително зголемување од 0,6%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2023 (n=6.483), пријавените случаи во октомври учествуваат со 7,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 (n=10.494), овчи сипаници учествуваат со 61,8%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2023 (n=6.483) е за 2,8 пати поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2022 (n=2.283).

На второ место по број на пријавени заболени во месец октомври се **ентероколити**, со 359 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 35,9%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања - со 36,1%.

Во однос на претходниот месец септември 2023 (n=530), се регистрира намалување за 32,3%, а во однос на месец октомври 2022 (n=148) се регистрира зголемување од 2,4 пати. Во однос на аритметичката средина (n=1.060) се регистрира намалување од 66,1%.

Во вкупниот број на пријавени ентероколити во 2023 (n=2.814), бројот на заболените во октомври учествуваат со 12,8%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2023 (n=10.494), учеството на ентероколити е 26,8%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2023 (n=2.814) е зголемен за 89,6% во однос на кумулативата за истиот период во 2022 (n=1.484).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во октомври, најголем број (n=526) припаѓаат на **капкови заболувања** (52,5%; I=28,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=489; 93,0%) и инциденца (I=26,6/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Пријавени се и 42 случаи на салмонелози (I=2,3/100.000), 20 случаи на скарлатина, 15 случаи на инфективна мононуклеоза и по еден случај на голема кашлица и легионерска болест.

Во месец октомври, пријавени се 407 случаи (40,7% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 22,2/100.000. Од нив, најголем број, (n=359; 88,2%) и инциденца (I=19,5/100.000) се пријавите за ентероколити. Во оваа група се пријавени 25 салмонелози, 17 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 3 инфекции предизвикани од E. coli, 2 џардијази и една листериоза (листериозен менингитис).

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 7 заболени лица (0,7%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 4 случаи на инфекции со хламидија и по еден случај на гонореја, сифилис и вирусен хепатитис Б. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец октомври, регистриран е еден случај на бруцелоза (Кичево).

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во октомври се регистрирани 60 случаи (6,0%; I=3,3/100.000) на шуга (*Графикон 3*). Од нив, најголем дел се од Гостивар (n=28).

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во октомври, 2023***



## *СОСТОЈБА СО ХИВ* ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во текот на месец октомври, пристигнати се пријави за 4 новорегистрирани лица на ХИВ/СИДА.

Од анализата на пристигнатите пријави се забележува дека лицата се на возраст од 25-54 години, а три лица се од машки пол. Две од пријавените лица се регистрирани од Кочани, додека другите останатите градови (*Табела 3 во Прилог*). Во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, регистрирани се по две лица со хетеросексуална трансмисија и од МСМ популацијата.

Во текот на месец октомври, регистрирани се 2 смртни случаи од ХИВ/СИДА, еден смртен случај на лице пријавено во 2022 и еден смртен случај од новорегистрираните лица ви месец октомври 2023.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.10.2023), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 631, а од нив, согласно податоците со кои располага ИЈЗ:

- 125 лица починале,
- 506 лица живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец октомври 2023 се регистрирани 2 случаи со инциденца од 0,1/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистриран е еден случај на вирусен хепатитис Б кој според возраста, не подлежи на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакциниран. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Пријавен е еден случај на голема кашлица. Се работи за дете на шест годишна возраст, со непотврден вакцинален статус (вакцинација во странство). За истиот случај дијагнозата е потврдена лабораториски и клинички.

## СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Р. Северна Македонија во текот на месец октомври, пријавени се вкупно 535 заболени (I=29,1/100.000) и 11 починати од КОВИД-19.

Во однос на претходниот месец септември 2023 (n=855), се регистрира намалување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 37,4%, а во однос на месец октомври 2022 (n=1.162) се регистрира намалување на заболените од 54,0%.

Од заболените во октомври 2023, најголем број на заболени (n=265) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (98,7/100.000) се регистрира во Кавадарци. Регистрираи се 214 се реинфекции.

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната групата над 60 години (n=272; 50,8%).

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец октомври се тестирани вкупно 2.400 материјали со намалување на бројот на тестирани за 2,6 повеќе во однос на минатиот месец (n=2464). Процентот на позитивност е 22,3%.

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.10.2023, пријавени се вкупно 349.881 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.049,3/100.000) и 9.957 смртни случаи (Mt= 542,1/100.000; CFR=2,8%).

Бројот на аплицирани дози на КОВИД-19 вакцина во текот на месец октомври изнесува вкупно 20, од тоа 10 се прва, по 2 како трета и четврта и 6 како петта доза.

Заклучно со 31.10.2023 година, вакцинирани се вкупно 876.174 лица со барем една доза на вакцина против КОВИД-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.229 лица.

***Табела 1: Вакцинација против КОВИД-19 во РСМ***

| Доза вакцина КОВИД-19 | % вакцинирани над 18 години | % вакцинирани вкупно население |
|---|---|---|
| 1 доза | 59,7 | 47,7 |
| 2 доза | 58,4 | 46,7 |
| 3 доза | 11,1 | 8,9 |
| 4 доза | 0,6 | 0,5 |

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец октомври, до Институтот за јавно здравје **не се пристигнати пријави за *епидемии на заразна болест*.**

Во текот на месец октомври, пристигнаа две одјави на епидемиите (алиментарни) пријавени во септември 2023, од ЦЈЗ Струмица и ЦЈЗ Битола. Епидемијата пријавена од ЦЈЗ Струмица е одјавена со 5 заболени лица, додека епидемијата од ЦЈЗ Битола е одјавена со 6 заболени лица. Не се регистрирани хоспитализирани лица.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец октомври, **не е пријавен смртен случај од акутно заразно заболување** *(без КВОИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на октомври, 2023 година во ИЈЗ се пристигнати 594 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на осум ЦЈЗ и 2 ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=465; 78,3%) и ЦЈЗ Куманово (n=58; 9,8%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец октомври се: *MRSA (n=208; 35,0%), Salmonella enteritidis (n=72; 12,1%)* и *Mycoplasma pneumoniae (n=51; 8,6%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Acinetoacter baumannii, Enterobacter aerogenes, ESBL, Klebsiella pneumoniae* и *Pseudomonas aeruginosa*.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје и ЦЈЗ Куманово.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец октомври, ***пристигнати се 2 пријави*** за заразни заболувања кај странски државјани (државјани на Косово) кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистриран е еден случај на ентероколитис и еден случај на акутен хепатитис Б.

Во текот на 2023 година, регистрирани се 32 пријави за акутни заразни заболувања, 18 пријави на ентероколитис, 5 пријави за АТИ, 4 пријави за салмонелози, 3 пријави за хепатитис Б и по една пријава на скарлатина и гонореја.

Според земјата од која доаѓаат, 12 лица се од Косово, 5 лица се од Германија, 4 од Швајцарија, 3 од Црна Гора и по едно лице од Албанија, Норвешка, Италија, Украина, Турција, Австрија, САД и Кина.

***Кузмановска Г., Карaџовски Ж., Ставридис К., Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К., Трајковска И., Положани Е., Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М., Чибишева Д., Биљали Е., Фејзула А.***